## ИЗЛОЖБИ

# ХЕТЕРОГЕНИ ИМПРЕСИИ

**• (ЗА ИЗЛОЖБАТА НА XII СТРУМИЧКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ ВО СКОПЈЕ**

По прекрасната изложба на современата југословенска графика која беше пренесена од Битолската уметничка галерија, деновиве се одржува изложбата на учесниците на последната Струмичка ликовна колонија, на која учествуваа повеќе уметници од земјата и странство (Алжир, Грција, Италија, Бугарија, Финска, Египет и Полска).

Се разбира, изложбата е хетерогена: таа претставува едно мало огледало на разни стилови, сензибилитети и афинитети, кои главно се инспирираат од македонскиот пејсаж и од визуелните феномени на Струмица, но во некои експонати, уметниците ги третираат своите вообичаени мотиви, или ги модифицираат според новиот амбиент во кој што креираат.

Иако, што е сосем разбирливо при вакви спонтани средби, меѓу експонатите се наоѓаат и дела со сосем скромни вредности, па и со потпросечни резултати, сепак, на изложбата сретнуваме и дела што го привлекуваат нашето внимание, или со нивните технички одлики или со нивната импресивност.

Меѓу подобрите дела спаѓаат платната на египетските уметници **Ванли Сеиф** („Песна за Македонија" и „Месечев поздрав на Александрија") и **Моктар Ешан** („Струмица" и „Пристаниште во Александрија"). Тие се солидни мајстори, добро го имаат изучено сликарскиот занает, и во своите „јасни" слики внесуваат извесен поетски, надреалистички штимунг.

„Струмичкиот пејсаж" на **Радмила Лазаревиќ** е експресивен и колористички богат, полн со импресивна ритмичка фантазија. Во своите слики **Илинка Глигорова** се ориентира спрема нови изразни можности, бара вредности во плохално сфатени односи, а **Владимир Величковски** прави еден вид спомен-слики, со бледо и насетувачко колорирање и со матна атмосфера. **Дич Ерхард** (ГДР) се истакнува со чист, биологизиран цртеж и со лирска импресивност во изборот на предметите што ги црта: **Слободан Перишиќ** во своето платно решава проблем на еден космички судир меѓу разни елементи; тој, покрај композицискиот строеж на сликата, големо внимание му обрнува и на технолошкиот процес на сликањето. Меѓу најдобрите експонати спаѓа и сликата **„Пазарен ден во Струмица"** од **Аљо Смаилагиќ**, во која што предава една жолта импресија на еден секојдневен настан, чија впечатливост се состои во лежерно насликаните бројни фигури и во калеидоскопски расчленетата општа визија.

**Паскал ГИЛЕВСКИ**

Вечер 7.II.76 г.

22730